# Достава на судски писмена

- Електронска достава
- Достава во странство

# ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА
# ( член 125 , 125-а, 126-а- 128)

- Странката може **да побара** во судот доставувањето да и се врши по електронски пат во електронско сандаче на адресата што ќе ја назначи во барањето.
- Должност-без одлагање да го извести судот за промената на адресата .

- Доставувањето на писмената на адвокати, државни органи , односно органи на државната управа,  единици на локална самоуправа, правно лица и на лицата на кои им се пренесени јавни овластувања, се врши по електронски пат или во електронско сандаче. (се применува од 9.9.2011година)

- Обврски за содржината на поднесоци  од адвокати, државен орган , односно орган на државнауправа,единици на локална самоуправа... согласно член 98 став 4 и став 6 од Законот за парничната постапка
- Закон за електронското управување ( Сл. Весник на РМ број 105/2009)
- Податоци за електронско сандаче

# Член 126- а од ЗПП

- Доставувањето по електронски пат се врши преку информатичкиот систем на судот на адресата на електронското сандаче на примателот на доставата (член 126-а)
- Доставата се смета за извршена на денот на приемот на писменото по електронски пат

- Известување од информатичкиот систем на судот заедно со испраќање на писменото до приматeлот на доставата на неговата електронска адреса, дека од судот е испратен писмен документ кој имателот на адресата мора да го прими
- Електронската пошта од електронското сандаче мора да биде преземена во рок од 8 дена од денот на испраќањето.

- Ако во тој рок примателот на доставата не ја преземе електронската пошта , доставувањето ќе се смета за извршено
- Електронски потпис на примателот на електронската пошта ( што се докажува со него в. член 126-а став 6 од ЗПП)
- Ако писменото содржи прилози, а нема техничка можност судот да ги достави, известување од судот да ги подигне непосредно

- Рок од 3 дена за подигање сметано од денот на известувањето кое судот му го доставува на примателот кој има седиште, живеалиште или престојувалиште во седиштето на судот
- Доколку во тој рок не ги подигне прилозите , се смета дека прилозите се доставени,ако нема седиште на подрачјето на судот (види  став 8 од член 126-а)

# Член 127 од ЗПП

**Случај кога не постојат технички услови за достава во електронско сандаче**

- Со предавање на лицето овластено за примање на писмена или на работникот кој ќе се затече во канцеларијата, односно деловната просторија

# Член 128

* Достава на правно лице кога нема технички услови за регистрирање на електронско сандаче, ( на адреса запишана во трговски или друг регистар каде правното лице е запишано)
* Доколку доставата не успее , со објава на писменото на огласна табла на судот и на веб – страницата на судот . Уредна достава, по истек на рок од 8 дена од објавувањето

- Примена на став 1 и став 2 од член 128 од ЗПП и на физички лица  кои вршат дејност запишана во трговски или друг регистар, (ако доставата се врши во врска со дејноста која вршат)

# Достава на писмена во странство

Доставата на писмената до лица или установи во странство или странци кои уживаат имунитет, ќе се изврши по дипломатски пат , ако со меѓународен договор или согласно одредбите од ЗПП не е определено нешто друго( член131 став 1 )

- Ако доставата треба да се изврши **до државјанин на РСМ во странство,** по пошта, курирска служба, по електронски пат**,** или преку надлежен конзуларен претставник или преку дипломатски претставник на РСМ кој ги врши конзуларните работи во странската држава .Судот  може да се обрати до Министерството за надворешни работи

- Можност странката или нејзиниот законски застапник кој се наоѓа во странство, а нема полномошник во РСМ.
- Судот ќе го повика во примерен рок да постави полномошник за примање писмена во РСМ , во спротивно,судот со решение, ќе и назначи привремен застапник, овластен за примање на писмена и ќе ја извести странката за тоа.

- Примена на одредбите за привремен застапник од член 76- 78 од ЗПП.

- Трошоците за поставениот полномошник за примање на писмена се на товар на странката за која е определен. Судот ќе донесе решение со кое ќе ја задолжи таа странка да му ги надомести на полномошникот тие трошоци.

- Достава на правно лице кое има седиште во странство, може да се изврши преку неговото претставништво или застапништво во РСМ.
- Замолница преку Министерство за правда
- Можност со меѓународен договор, доставувањето да се врши поинаку (в. чл.171 од ЗПП)

# Меѓународни договори
# за правна помош во граѓански предмети

- Договор меѓу Република Македонија и Република Србија ( Сл. Весник на РМ број 15/2013)
- Начин на комуницирање заради давање правна помош( член 4 став1и 2 )
- Обврска за изготвување замолници
- Доставување на акти( член 11 )